ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 22.09.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Измени во правилникот за здравствено осигурување

Главна мисија на Фондот за измена на правилникот за здравствено осигурување во септември е промена на правата на осигурениците онаму каде медицнски е индицирано и оправдано, како и олеснување на начинот на остварување на тие права.
Промените се однесуваат на :

**Рехабилитација**

1. Деца со церебрална парализа до 14 годишна воздраст да можат користат медицинска рехабилитација до 30 дена, без претходна хоспиталицација, само со специјалистички извештај, и тоа до 4 годишна воздраст 4 пати годишно, а од 4 до 14 годишна воздраст 2 пати годишно. Измената е поради медицинската оправданост.
2. Упатување на медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување за пациентите веќе не е условено со минимум денови за болничко лекување, сега битно е само заболувањето.

**Избран Гинеколог**

1. Се спушти границата за избор на лекар гинеколог за припаднички на женскиот пол од 14 на 12 годишна воздраст поради порано влегување во репродуктивниот период.
2. Се зајакна одредбата дека избраниот гинеколог не смее да наплатува за преглед со ЕХО апарат и преглед со колпоскоп по медицинска индикација т.е прегледот се смета како основна здравствена услуга.

**Избран Лекар**

1. ЕКГ и други помошни апарати за дијагностика кај избраните лекари не се сметаат за засебни зравствени услуги, туку како бесплатен преглед од избраниот лекар.
2. Здравствениот картон при промена на избраниот лекар задолжително се пренесува кај ново избраниот лекар по барање на осигуреникот.
3. Избраниот лекар доколку смени здравствена установа и нема прекин во работењето ги задржува пациентите. Оваа измена е направена за зајакнување на „институцијата“ матичен лекар како носител на здравствениот систем во Р.Македонија.

Да потсетиме дека во септември месец ФЗОМ воведе и 6 месечен рецепт за хронични болести.